**З А П И С Н И К**
**од Деведесет и седмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 29 јули 2025 година**

**Скопје, август 2025 година**

**З А П И С Н И К**
**од Деведесет и седмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 29 јули 2025 година**

Седницата започна во 12:30 часот.

На седницата претседаваше проф д-р Христијан Мицкоски, претседател на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата присуствуваа замениците на претседателот на Владата: м-р Изет Меџити, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за животна средина и просторно планирање, Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт, Љупчо Димовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политички систем, Иван Стоилковиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за односи меѓу заедниците, Арбен Фетаи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, членовите на Владата, м-р Владо Мисајловски, министер за одбрана, Панче Тошковски, министер за внатрешни работи, д-р Тимчо Муцунски, министер за надворешни работи и надворешна трговија, м-р Гордана Димитриеска Кочоска, министер за финансии, м-р Бесар Дурмиши, министер за економија и труд, м-р Сања Божиновска, министер за енергетика, рударство и минерални суровини, Цветан Трипуновски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство д-р Азир Алиу, министер за здравство, проф. д-р Весна Јаневска, министер за образование и наука, м-р Златко Перински, министер за локална самоуправа, Зоран Љутков, министер за култура и туризам, м-р Стефан Андоновски, министер за дигитална трансформација, Горан Минчев, министер за јавна администрација, и д-р Шабан Салиу, министер без ресор, задолжен за интеграција и имплементација на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030 како и Генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија Игор Јанушев.

На седницата присуствуваше и д-р Оливера Нечовска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата присуствуваа и д-р Астрит Исени, заменик на министерот за внатрешни работи, м-р Ален Деребан, заменик на министерот за правда, Ѓоко Велковски, заменик на министерот за социјална политика, демографија и млади и м-р Сафије Садики Шаини, заменик министер за спорт.

На седницата присуствуваа и Марија Митева и Венера Љатифи Азизи, портпароли на Владата на Република Северна Македонија и Ивица Томовски, директор на Службата за општи и заеднички работи.

Од седницата отсуствуваа, Игор Филков, министер за правда, м-р Орхан Муртезани, министер за европски прашања, Фатмир Лимани, министер за социјална политика, демографија и млади и Борко Ристовски, министер за спорт.

*

* *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

-Усвојување на Записникот од Осумдесет и осмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 1 јули 2025 година
- Усвојување на Записникот од Деведесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 8 јули 2025 година
- Усвојување на Записникот од Деведесет и втората седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 15 јули 2025 година

- Усвојување на Записникот од Деведесет и третата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 15 јули 2025 година
- Усвојување на Записникот од Деведесет и четвртата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 16 јули 2025 година
- Усвојување на Записникот од Деведесет и шестата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 25 јули 2025 година

*
*  *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

1. Информација за склучување на Договор за финансирање меѓу Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП) и Владата на Република Северна Македонија и склучување Меморандум за соработка меѓу Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП) и Владата на Република Северна Македонија, со усогласен текст на Договор и Меморандум

2. Информација за потребата од поврзување на буџетските програми и потпрограми со Националната развојна стратегија 2024 – 2044

3. Конечен извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2023 година на Биро за развој на образованието (Сметка на основен буџет 637, Сметка на буџет од самофинансирачки активности 787 и Сметка на буџет на донации 785-00

4. Предлог - одлуки за предавање на одземен недвижен имот (40)

5. Предлог – одлука за давање согласност на Одлуката за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Општина Ресен

6. Предлог-одлука за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности-У-102/20 (инфраструктурни објекти, атмосферска канализациона мрежа, кои се наоѓаат во подрачјето на ТИРЗ Скопје 1)

7. Информација за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад, со Предлог-одлука

8. Информација за зголемување на висина на надоместоците за спроведување на активности од јавен интерес од областа на здравствена заштита на животните

9. Конечен извештај за извршена ревизија на успешност на тема „Подобрување и унапредување на јавните услуги и инфраструктурните објекти со јавно приватно партнерство

10. Информација за давање согласност за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија со непосредна спогодба за оформување на градежна парцела предвидена со Урбанистички план или Урбанистичка планска документација, доколку лицето има во сопственост повеќе од 30% од градежната парцела на друштво за комуникациски менаџмент Хај Комуникации - ДОО Скопје, со Предлог-одлука

11. Програма за изменување и дополнување на Годишната инвестициона програма за 2025 година на Јавното претпријатие за водостопанство „Лисиче“ – Велес, со Предлог – одлука

12. Информација за потребата од донесување на Одлука за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижност сопственост на Република Северна Македонија, со Предлог-одлука

13. Информација за назначување на раководител на оперативната структура во системот за индиректно управување со ИПА I и ИПА II, со предлог – решенија

14. Информација за поништување на Државна урбанистичка планска документација за изградба на бензинска пумпна станица и услужен центар, на регионален пат Р1105 - КО Дедели, Општина Валандово, одобрена со Решение бр.14-15582/1 од 5.11.2014 година

15. Информација во врска со Јавниот повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина – варовник на локалитетот „Јаблан“ Општина Струга 1/2025 и Тендерска документација за спроведување на постапката

16. Информација за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Елена Николовска, ул. „Симеон Кавракиров“ бр.27/1-5, Скопје, со Предлог-одлука

17. Информација за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Друштвото за производство, трговија и услуги Агротим-југ ДООЕЛ Скопје, со седиште на ул.„Максим Горки“ бр.12, Скопје-Центар, со Предлог-одлука

18. Информација за добивање на согласност за склучување на Договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Друштво за производство и промет со вино и друго Бовин ДОО експорт-импорт Неготино, со седиште на ул. „Индустриска“ бб Неготино, со Предлог-одлука

19. Информација за добивање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба Драган Цветков, с. Долни Дисан, Неготино, со Предлог-одлука

20. Информација за добивање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Ристо Делов, с.Долни Дисан, Неготино, со Предлог-одлука

21. Информација за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Ванчо Орешков, с.Тимјаник, Неготино, со Предлог-одлука

22. Информација за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Друштвото за производство, трговија и услуги Дарко Мојсовски, с.Тимјаник, Неготино, со Предлог-одлука

23. Информација за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Душко Орешков, с.Тимјаник, Неготино, со Предлог-одлука

24. Информација за давање на согласност за склучување на Договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Панчо Недев, с.Тимјаник, Неготино, со Предлог-одлука

25. Информација за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Далибор Лазов, ул. „Маршал Тито“ бр.282, Неготино, со Предлог – одлука

26. Информација за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Андриана Николова, ул.Никола Минчев бр.15/1-6, Кавадарци, со Предлог-одлука

27. Информација за Акциски план за вработување 2025-2027 година со Извештај за реализација на Акциски план за вработување 2021-2023 година во рамките на Национална стратегија за вработување 2021-2027 година, со текст на Акциски план

28. Предлог-одлука за престанок на важење на концесијата за експлоатација на минерална суровина – мермер на локалитетот „Галабовец-Нови Присад“, Општина Прилеп и Предлог-одлука за продолжување на концесијата за експлоатација на минерална суровина – мермер на Акционерското друштво за производство и преработка на мермер Фимар Балкан АД Скопје на локалитетот „Галабовец – Нови Присад“, Општина Прилеп, со прилози

29. Предлог – одлука за престанок на важење на Концесијата за експлоатација на минерална суровина – дијабаз на локалитетот ,,Корешница‘‘, Општина Демир Капија

30. Предлог-одлука за престанок на важење на концесијата за експлоатација на минерална суровина– туф, габро и монцонит на локалитетот „с.Шталковица“, Општина Пробиштип

31. Предлог-одлука за давање на право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија на Општина Центар

32. Информација за правосилност на пресуда на Европскиот суд за човекови права во предметот К.М. против Република Северна Македонија (А.бр. 59144/16), со Предлог-одлука

33. Информација за можностите и условите за спогодбено решавање на предметите Петковска и други против Северна Македонија (А.бр.41520/23) и 15 други апликации против Северна Македонија

34. Предлог-одлука за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество во НАТО операцијата „КФОР“ во Република Косово

35. Предлог – одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Казнено–поправната установа Затвор Охрид

36. Информација за потребата од внатрешна реконструкција и адаптација на административен простор на Министерството за култура и туризам

37. Информација за укинување на Одлуката бр.41-5062/5 од 6.6.2023 година за давање на одобрение за основање на Факултет за здравствени науки при Приватната високообразовна установа Меѓународен универзитет „Визион“ Гостивар, со Предлог-одлука

38. Информација за потребата од прераспределба на средства во рамки на Проектот за унапредување на основното образование

39. Информација за воспоставување G-Cloud преку користење на хардверска инфраструктура во сопственост на Агенцијата за електронски комуникации

40. Предлог – програма за изменување на Програмата за потребите од специјалистички и супспецијалистички кадри согласно со мрежата на здравствени установи (2023 – 2026)

41. Предлог - одлука за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижност сопственост на Република Северна Македонија (КП бр.12059, КО Кочани)

42. Предлог - одлука за продажба на движни ствари (25 моторни возила за старо железо)

43. Предлог - одлука за давање согласност на Одлуката за проширување на дејноста на Јавната здравствена установа Здравствен дом „Академик проф. д-р Димитар Арсов“ - Крива Паланка за спроведување специјалистичко-консултативна здравствена заштита на секундарно ниво од областа на кардиологијата

44. Предлог на закон за изменување и дополнување на Изборниот законик, по скратена постапка (поднесен од пратеникот Моника Зајкова)

45. Предлог на закон за дополнување на Законот за работните односи, по скратена постапка, поднесен од група пратеници

46. Предлог на закон за изменување на Законот за воздухопловство, по скратена постапка, поднесен од група пратеници

47. Предлог на закон за дополнување на Законот за данокот на додадена вредност, по скратена постапка, поднесен од група пратеници

48. Барање за давање на автентично толкување на член 65 став (4) од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија“ бр.40/06, 127/06, 136/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 31/15, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 57/17, 67/17, 125/17, 35/18, 99/18, 140/18, 208/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.98/19, 146/19, 42/20, 74/21, 215/21, 58/24, 76/24 и 116/25), поднесено од пратеникот Моника Зајкова

49. Барање за давање автентично толкување на член 1 став 1 од Законот за дополнување на Законот за животната средина („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.171/22), поднесено од градоначалникот на Општина Кратово

50. Статутарна одлука изменување и дополнување на Статутот на Меѓународниот универзитет Визион

51. Иницијатива од Управата за јавни приходи, застапувана од директорот Елена Петрова, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под УЗ.бр.12/25 за поведување постапка за оценување на уставноста и законитоста на членовите 97 и 98 од Колективниот договор на Управата за јавни приходи од 12.7.2023 година

52. Понуда од нотар Милана Пановска од Кочани, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.3444, за КО Безиково, на КП бр.2501, викано место/улица „Јанѓелова нива“, Имотен лист бр.3550, за КО Безиково, на КП бр.2520, викано место/улица „Лазарица“, Имотен лист бр.3526, за КО

Безиково, на КП бр.2203, викано место/улица „Батулица“ и Имотен лист бр.3558, за КО Безиково, на КП бр.2918, викано место/улица „Попово лозје“

53. Понуда од нотар Фросина Клисароска Канчевска од Скопје, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.4082 за КО Драчево 2, на КП бр.12470, викано место/улица „Речиште“

54. Понуда од нотар Дарко Стојкоски од Скопје, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.193285, за КО Драчево 2, на КП бр. 9692

55. Понуда од нотар Симона Талевска од Битола, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.30 за КО Кравари, на КП бр.181, викано место/улица „Меѓа“

56. Кадровски прашања

57. Прашања и предлози

58. Годишен извештај за примената на Законот за бесплатна правна помош за 2024 година

59. Информација за спроведување на инструментот за реформи и раст, со Извештај од спроведена функционална анализа во Министерството за дигитална трансформација, согласно Заклучок бр.2, Точка 83 – Прашања и предлози од Нацрт – записникот од Триесет и шестата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 3 декември 2024 година

60. Извештај за работата на Министерството за култура и туризам, Сектор за управен и инспекциски надзор за 2024 година

61. Годишен извештај за работата на Комисијата за паричен надоместок на жртви од кривично дело со насилство во 2024 година

62. Годишен извештај за работа на Агенцијата за филм на Република Северна Македонија за 2024 година, со коригиран Финансиски извештај

63. Извештај за начинот на користење на планинарските домови, кои се во државна сопственост

64. Информација за работењето на компензационите фондови од странска помош, со прилог извештаи за 2023 година, усвоени од Комисијата за менаџмент на компензационите фондови, на седницата, одржана на 30.12.2024 година

65. Извештај за активностите на Бирото за јавни набавки во функционирањето на системот на јавните набавки за 2024 година

66. Извештај за реализација на Годишната програма за финансирање на железничката инфраструктура за 2024 година

67. Акциски план за активностите што треба да се преземат во врска со наодите дадени од ревизорот по извештаите за извршена ревизија од Државниот завод за ревизија на Годишната сметка за 2023 година на Акционерското друштво за поштенски сообраќај „Пошта на Северна Македонија“, во државна сопственост-Скопје

68. Предлог-програма за заштита на ранливи потрошувачи на енергија за 2025 година

69. Предлог-одлука за изменување на Одлуката за користење на средства за капитални дотации до единиците на локалната самоуправа за инфраструктурни проекти од областа на образованието и науката за 2025 година

70. Предлог - одлука за изменување и дополнување на Одлуката за користење на средства за капитални дотации до единиците на локалната самоуправа за инфраструктурни проекти од областа на животната средина и просторното планирање за 2025 година

71. Предлог-одлука за изменување и дополнување на Одлуката за користење на средства за капитални дотации до единиците на локалната самоуправа за инфраструктурни проекти од областа на спортот за 2025 година

72. Предлог-одлука за изменување на Одлуката за користење средства за капитални дотации до единиците на локалната самоуправа за инфраструктурни проекти од надлежност на Министерството за социјална политика, демографија и млади за 2025 година

73. Предлог – одлука за изменување на Одлуката за користење на средства за капитални дотации до единиците на локалната самоуправа за инфраструктурни проекти од областа на транспортот за 2025 година

74. Предлог-одлука за изменување и дополнување на Одлуката за користење на средства за капитални дотации до единиците на локалната самоуправа за инфраструктурни проекти од областа на културата за 2025 година

75. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за енергетска ефикасност (*)

76. Извештај за неопходноста и сразмерноста на јавните интервенции и за оцена на напредокот кон постигнување на ефективна конкуренција помеѓу снабдувачите и транзицијата кон пазарно засновани цени

77. Предлог - уредба за изменување и дополнување на Уредбата за видот на активности, максималниот износ по активности, корисниците, субјектите кои учествуваат во постапката, поблиските критериуми и начинот за доделување на техничката поддршка во земјоделството и руралниот развој

78. Предлог - уредба за дополнување на Уредбата за поблиските критериуми за директни плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2025 година

79. Предлог - програма за дополнување на Програмата за спроведување на интервентен фонд за земјоделството за 2025 година

80. Предлог - програма за изменување и дополнување на Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2025 година

81. Предлог - програма за изменување на Програмата за финансиска поддршка во рибарството и аквакултурата за 2025 година

82. Предлог - програма за изменување на Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2025 година

83. Информација за правните, урбанистичките и техничките аспекти на дислокацијата на топловодот во населба Водно, влијанието врз снабдувањето со топлинска енергија и предлог решенија за обезбедување стабилност на дистрибутивниот систем

84. Предлог - одлука за давање согласност со подавка преку нотар да се понуди градежно земјиште на кое Република Северна Македонија е сопственик на најмалку 70 % од вкупната површина на градежната парцела на другите сопственици на катастарските парцели од кои е формирана градежната парцела

85. Информација за спроведување на централизирана набавка за обнова на софтверски лиценци за виртуелна платформа, со Предлог-одлука

86. Предлог – одлука за изменување на Одлуката за основање на Национална установа - Археолошки музеј на Македонија – Скопје

87. Предлог – одлука за продолжување на концесијата за експлоатација на минерална суровина – варовник на Градежното, производно, трговско и услужно друштво Амди Амзаи АСНЕРА увоз-извоз с.Франгово Струга ДООЕЛ на локалитетот ,,Локов“ с.Франгово, Општина Струга

88. Предлог – одлука за продолжување на концесијата за експлоатација на минерална суровина – риолит на Друштвото за трговија, производство и услуги Минерал – Груп ДОО Струмица на локалитетот ,,Крив Пат“ с.Куклиш, Општина Струмица

89. Предлог - одлука за продолжување на концесијата за експлоатација на минерална суровина – мермер на Трговското друштво за производство и истражување ЛАРИН МРАМОР КОМПАНИ АД експорт-импорт Скопје на локалитетот „Галабовец – Нови Присад“, Општина Прилеп

90. Предлог-одлука за продолжување на концесијата за експлоатација на минерална суровина– варовник на Трговското друштво за транспорт и трговија Мамуди Везир Мамуди-транс увоз-извоз, с. Радолишта, Струга ДООЕЛ на локалитетот ,,Краста“, с. Радолишта, Општина Струга

91. Предлог - програма за изменување на Програмата за научно-истражувачката дејност за 2025 година

92. Предлог - програма за изменување и дополнување на Програмата за остварување и развој на дејноста во студентскиот стандард за 2025 година

93. Предлог-програма за изменување на Програмата за остварување и развој на дејноста во ученичкиот стандард за 2025 година

94. Информација за спроведување повеќегодишна јавна набавка за изградба на нов училишен објект во с.Непроштено, Општина Теарце, како и услуги за вршење на стручно технички надзор врз изградба на нов училишен објект во с.Непроштено, Општина Теарце

95. Информација за спроведување повеќегодишна јавна набавка за реконструкција на училишен објект во ООУ „Фан Ноли“, с.Требош, Општина Желино, како и услуги за вршење на стручно-технички надзор врз реконструкција на училишен објект во ООУ „Фан Ноли“, с.Требош, Општина Желино

96. Информација за спроведување повеќегодишна јавна набавка за Изградба на спортски терени и партерно уредување за едукативни и спортско-рекреативни активности на училишен двор на ООУ

„Методи Митевски-Брицо“, Општина Лозово, како и услуги за вршење на стручно технички надзор врз Изградба на спортски терени и партерно уредување за едукативни и спортско-рекреативни активности на училишен двор на ООУ „Методи Митевски-Брицо“, Општина Лозово

97. Информација за подготовка на извештај за дебит нота од ДЕУ на основ на извршена ревизија на Министерството за локална самоуправа

98. Предлог - уредба за методологија за утврдување на критериумите за распределба на блок дотации од областа на културата во 2026 година

99. Предлог – уредба за Методологија за утврдување на критериуми за распределба на наменски дотации за основното образование по општини за 2026 година

100. Предлог – уредба за методологија за утврдување на критериуми за распределба на блок дотации за средното образование по општини и Град Скопје за 2026 година

101. Предлог-уредба за Методологија за утврдување на критериуми за распределба на блок дотации за основното образование по општини за 2026 година

102. Предлог - решение за изменување на Решението за именување на членови во Главниот штаб за заштита и спасување

103. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за правата на заедниците кои се помалку од 20% од населението во Република Северна Македонија

104. Предлог - одлука за отворање на Генерален конзулат на Република Северна Македонија во Република Албанија со седиште во Корча

105. Информација за прашањето за запишување на сопственичкиот статус на градежното земјиште на кое се наоѓа зградата на Амбасадата на Република Грција во Скопје

106. Предлог – одлука за продолжување на привремената заштита во Република Северна Македонија на лица од Украина

107. Предлог - лиценца за приредување на игри на среќа во казино на Друштвото за угостителство и туризам „Фортуна Интернационал“ ДООЕЛ Гевгелија, во деловната просторија на „Фортуна Интернационал“ ДООЕЛ Гевгелија, која се наоѓа на ул. „Гевгелиски Партизански Одред“ бр.1, Гевгелија

108. Извештај за извршувањето на Буџетот на Република Северна Македонија за периодот јануари – јуни 2025 година

109. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата

110. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за прекршоците

111. Статутарна одлука за изменување и дополнување на Статутот на Јавното претпријатие Национална радиодифузија – Скопје, со Предлог – одлука

112.Предлог - уредба за изменување и дополнување на Уредбата за спроведување на Царинскиот закон

113.Информација за постапување по Правилникот за дополнување на правилникот за формата и содржината на образецот на барањето за издавање на пробните таблици, формата и содржината на регистерските таблици и на пробните таблици на возилата, како и начинот и постапката за нивно издавање („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.19/25)

114.Информација за продажба на движен имот во сопственост на Република Северна Македонија, кој припаѓал на должникот Тутунски комбинат Боро Петрушевски - Папучар АД Куманово, со Предлог-одлука

*

*   *

Владата без забелешки го усвои Записникот од Осумдесет и осмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 1 јули 2025 година, Записникот од Деведесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 8 јули 2025 година, Записникот од Деведесет и втората седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 15 јули 2025 година, Записникот од Деведесет и третата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 15 јули 2025 година, Записникот од Деведесет и четвртата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 16 јули 2025 година и Деведесет и шестата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 25 јули 2025 година.

*

*   *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата ја разгледа Информацијата за склучување на Договор за финансирање меѓу Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП) и Владата на Република Северна Македонија и склучување Меморандум за соработка меѓу Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП) и Владата на Република Северна Македонија, со усогласен текст на Договор и Меморандум и ја усвои со следните заклучоци

1.Го прифати усогласениот текст на Договорот за финансирање меѓу Програмата за развој на Обединетите Нации (УНДП) и Владата на Република Северна Македонија;

2.Го прифати усогласениот текст на Меморандум за соработка меѓу Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП) и Владата на Република Северна Македонија;

3.Се задолжува Министерството за надворешни работи и надворешна трговија, предвидените финансиски средства на сметка за контрибуција кон меѓународни организации од Буџетот на Република Северна Македонија во износ од 300 милиони денари изразени во долари, а по потпишувањето на Договорот за финансирање, веднаш да ги префрли на донаторската сметка на Организацијата на Обединетите нации, како придонес кон Програмата за развој на ООН, најдоцна до 30 септември 2025 година.

4.Се задолжува Министерството за финансии во буџетот за 2026 година , како и во следниот за 2027 година, да предвиди по 5 милиони долари за финансирање на Програмата за развој на Обединетите нации.

5.За членови на Комисијата за консултации и потврдување на предлог проекти во текот на подготвителната фаза на проектите што се спроведуваат преку УНДП а ќе се реализираат преку придонесот на Владата и донаторските средства обезбедени од УНДП, се предлагаат:

- Игор Јанушев, генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија – претседавач
- Арбен Фетаи, заменик претседател на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење - член
- Златко Перински, министер за локална самоуправа на Република Северна Македонија – член
- Калтрина Зеколи Шаќири, заменик на министерот за транспорт – член
- Ана Виткова, претставник од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија– член

6.Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, во соработка со Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, да ја информираат Владата за реализацијата на овој договор, по добиените извештаи од страна на УНДП, на секои три месеци.

Истовремено, се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија проектот под реден број 7 на Министерството за дигитална трансформација да го изземе од предложените проекти и средствата да се пренаменат за друг проект во рамки на истиот буџет.

**Точка 2**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од поврзување на буџетските програми и потпрограми со Националната развојна стратегија 2024 – 2044 и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжуваат сите министерства и другите органи на државната управа, при подготовка на буџетските програми и потпрограми, како и при подготовка на програмите на буџетските корисници кои се донесуваат врз основа на нивните законски надлежности, согласно обезбедените буџетски средства, јасно да ги поврзат планираните активности/мерки со целите и приоритетите утврдени во соодветните стратешки области на Националната развојна стратегија 2024–2044.

2. Се задолжуваат сите министерства и другите органи на државната управа, да соработуваат со Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, Одделение за следење на Националната развојна стратегија за навремена поддршка и усогласување на поврзаноста на буџетските програми и потпрограмите со областите, целите и приоритетите од Националната развојна стратегија.

**Точка 3**

Владата го разгледа Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2023 година на Биро за развој на образованието (Сметка на основен буџет 637, Сметка на буџет од самофинансирачки активности 787 и Сметка на буџет на донации 785-00), како материјал за информирање.

Истовремено, Владата го задолжи Бирото за развој на образованието да подготви акциски план со точно утврдени активности, одговорни лица и рокови за имплементација на препораките од Државниот завод за ревизија и во рок од 30 дена да го достави до Владата и до Државниот завод за ревизија, како и да ги има предвид укажувањата изнесени во Мислењето на Министерството за финансии.

**Точка 4**

Владата заклучи:

1. Ја донесе Одлуката за предавање на одземен недвижен имот на Општина Центар Жупа (КП бр.1/1, КО Центар Жупа).

2. Ја донесе Одлуката за предавање на одземен недвижен имот на Општина Тетово (КП бр.2215/1 и КП бр. 2250, КО Гајре).

3. Ја донесе Одлуката за предавање на одземен недвижен имот на Општина Струга (КП бр.164/1, КО Струга).

4. Ја донесе Одлуката за предавање одземен недвижен имот на Општина Тетово (КП бр. 1/1, КО Лисец).

5. Ја донесе Одлуката за предавање на одземен недвижен имот на Општина Радовиш (КП бр.326, КО Прналија).

6. Ја донесе Одлуката за предавање на одземен недвижен имот на Општина Липково (КП бр.1735, КО Слупчане).

7. Ја донесе Одлуката за предавање на одземен недвижен имот на Општина Куманово (КП бр.51, КО Черкезко).

8. Ја донесе Одлуката за предавање одземен недвижен имот на Општина Куманово (КП бр.148/2, КО Рамановце).

9. Ја донесе Одлуката за предавање на одземен недвижен имот на Општина Велес (КП бр.2269, КО Велес).

10. Ја донесе Одлуката за предавање на одземен недвижен имот на Општина Дебар (КП бр.8030/1, КО Дебар).

11. Ја донесе Одлуката за предавање на одземен недвижен имот на Општина Битола (КП бр.6116/1, КО Битола 4).

12. Ја донесе Одлуката за предавање на одземен недвижен имот на Општина Куманово (КП бр.11840/1, КО Куманово).

13. Ја донесе Одлуката за предавање на одземен недвижен имот на Општина Куманово (КП бр. 21313, КО Куманово).

14. Ја донесе Одлуката за предавање на одземен недвижен имот на Општина Куманово (КП бр.125/1, КО Љубодраг).

15. Ја донесе Одлуката за предавање на одземен недвижен имот на Општина Кочани (КП бр. 8887/1, КО Кочани).

16. Ја донесе Одлуката за предавање на одземен недвижен имот на Општина Куманово (КП бр. 852, КО Арбанашко).

17. Ја донесе Одлуката за предавање на одземен недвижен имот на Општина Гевгелија (КП бр. 6727/8, КО Гевгелија).

18. Ја донесе Одлуката за предавање на одземен недвижен имот на Општина Сопиште (КП бр.1857, КО Ракотинци).

19. Ја донесе Одлуката за предавање на одземен недвижен имот на Општина Куманово (КП бр.11840/1, КО Куманово).

20.Ја донесе Одлуката за предавање на одземен недвижен имот на Општина Куманово (КП бр.16750/1, КО Куманово).

21. Ја донесе Одлуката за предавање на одземен недвижен имот на Општина Велес (КП бр. 769/4, КО Башино).

22. Ја донесе Одлуката за предавање на одземен недвижен имот на Општина Куманово (КП бр.25543, КО Куманово).

23. Ја донесе Одлуката за предавање на одземен недвижен имот на Општина Кавадарци (КП бр.15873/2, КО Кавадарци).

24. Ја донесе Одлуката за предавање на одземен недвижен имот на Општина Куманово (КП бр.3911/1, КО Куманово).

25. Ја донесе Одлуката за предавање на одземен недвижен имот на Општина Центар Жупа (КП бр.41/1, КО Манастирец).

26. Ја донесе Одлуката за предавање на одземен недвижен имот на Општина Куманово (КП бр.6107/1, КО Куманово).

27. Ја донесе Одлуката за предавање на одземен недвижен имот на Општина Куманово (КП бр. 164/2, КО Черкези).

28. Ја донесе Одлуката за предавање на одземен недвижен имот на Општина Кичево (КП бр.430/3, КО Челопеци).

29. Ја донесе Одлуката за предавање на одземен недвижен имот на Општина Василево (КП бр. 850, КО Доброшанци-вон град).

30. Ја донесе Одлуката за предавање на одземен недвижен имот на Општина Василево (КП бр.991, КО Абгелци).

31. Ја донесе Одлуката за предавање на одземен недвижен имот на Општина Кавадарци (КП бр. 898/1, КО Ресава).

32. Ја донесе Одлуката за предавање на одземен недвижен имот на Општина Кочани (КП бр.9985/10, КО Кочани).

33. Ја донесе Одлуката за предавање на одземен недвижен имот на Општина Кочани (КП бр.11122, КО Кочани).

34. Ја донесе Одлуката за предавање на одземен недвижен имот на Општина Кавадарци (КП бр.11190, КО Кавадарци).

35. Ја донесе Одлуката за предавање на одземен недвижен имот на Општина Куманово (КП бр. 21830/2, КО Куманово).

36. Ја донесе Одлуката за предавање на одземен недвижен имот на Општина Куманово (КП бр. 25370/8, КО Куманово).

37. Ја донесе Одлуката за предавање на одземен недвижен имот на Општина Куманово (КП бр.8819, КО Куманово).

38. Ја донесе Одлуката за предавање на одземен недвижен имот на Општина Свети Николе (КП бр.1083, КО Сопот).

39. Ја донесе Одлуката за предавање на одземен недвижен имот на Општина Желино (КП бр.284, КП бр.286 и КП бр.287, КО Мерово).

40. Ја донесе Одлуката за предавање на одземен недвижен имот на Општина Тетово (КП бр.1/1, КО Лисец).

## Точка 5

Владата ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Општина Ресен.

**Точка 6**

Владата го одложи разгледувањето на Предлог-одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности-У-102/20 (инфраструктурни објекти, атмосферска канализациона мрежа, кои се наоѓаат во подрачјето на ТИРЗ Скопје 1).

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика, која ќе се одржи на 30 јули 2025 година.

**Точка 7**

Владата ја разгледа Информацијата за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад.

**Точка 8**

Владата ја одложи од разгледување Информацијата за зголемување на висина на надоместоците за спроведување на активности од јавен интерес од областа на здравствена заштита на животните, за наредната седница на Владата.

**Точка 9**

Владата го разгледа Конечниот извештај за извршена ревизија на успешност на тема „Подобрување и унапредување на јавните услуги и инфраструктурните објекти со јавно приватно партнерство“, како материјал за информирање.

Истовремено, се задолжуваат Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини, Министерството за здравство и Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, а се укажува на Акционерското друштво Водостопанство на Република Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, Акционерското друштво за производство на електрична енергија, „Електрани на Северна Македонија“, во државна сопственост, Скопје и им се препорачува на општините Ѓорче Петров и Тетово, како и на Центарот за развој на Полошкиот плански Регион, да подготват акциски план со точно утврдени активности, одговорни лица и рокови за имплементација на препораките од Државниот завод за ревизија и во рок од 30 дена да го достават до Владата и до Државниот завод за ревизија.

**Точка 10**

Владата ја разгледа Информацијата за давање согласност за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија со непосредна спогодба за оформување на градежна парцела предвидена со Урбанистички план или Урбанистичка планска документација, доколку лицето има во сопственост повеќе од 30% од градежната парцела на друштво за комуникациски менаџмент Хај Комуникации - ДОО Скопје, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија.

**Точка 11**

Владата ја разгледа Програмата за изменување и дополнување на Годишната инвестициона програма за 2025 година на Јавното претпријатие за водостопанство „Лисиче“ – Велес, со Предлог – одлука и ја донесе Одлуката за давање на согласност на Програмата за изменување и дополнување на Годишната инвестициона програма за 2025 година на Јавното претпријатие за водостопанство „Лисиче“ – Велес.

**Точка 12**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од донесување на Одлука за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижност сопственост на Република Северна Македонија, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижност сопственост на Република Северна Македонија.

**Точка 13**

Владата ја разгледа Информацијата за назначување на раководител на оперативната структура во системот за индиректно управување со ИПА I и ИПА II, со предлог – решенија и ја усвои Информацијата, со следните заклучоци:

1. Го донесе Решението за назначување раководител на оперативните структури надлежни за спроведување на Компонентата за регионален развој и Компонентата за развој на човечки ресурси од ИПА во системот за децентрализирано управување со претпристапните фондови од Европската Унија за Република Северна Македонија.

2. Го донесе Решението за назначување на раководител на оперативната структура во системот за индиректно управување со Инструментот за претпристапна помош (ИПА II).

**Точка 14**

Владата ја разгледа Информацијата за поништување на Државна урбанистичка планска документација за изградба на бензинска пумпна станица и услужен центар, на регионален пат Р1105 - КО Дедели, Општина Валандово, одобрена со Решение бр.14-15582/1 од 5.11.2014 година и ја усвои со следните заклучоци (усогласени со Секретаријатот за законодавство):

1.Се задолжуваат Министерството за животна средина и просторно планирање да го поништи Решението за услови за планирање на просторот бр.15-5400/4 од 10.08.2012 година, а Агенцијата за планирање на просторот да ги поништи Условите за планирање за Државната урбанистичка планска документација за изградба на бензиска пумпна станица и услужен центар на регионален пат Р1105 КО Дедели, Општина Валандово со тех. бр: 18012.

2.Се задолжува Министертвото за земјоделство, шумарство и водостопанство до Владата да достави Предлог – одлука за престанување на важењето на Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на државна урбанистичка планска документација за изградба на бензинска пумпна станица и услужен центар на регионален пат Р1105 КО Дедели, Општина Валандово бр.42-5932/1 од 21 август 2014 година.

**Точка 15**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Јавниот повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина – варовник на локалитетот „Јаблан“ Општина Струга 1/2025 и Тендерска документација за спроведување на постапката, ја усвои Информацијата и ја одобри Тендерската документација за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина – варовник на локалитетот „Јаблан“ Општина Струга 1/2025.

**Точка 16**

Владата ја разгледа Информацијата за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Елена Николовска, ул. „Симеон Кавракиров“ бр.27/1-5,

Скопје, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба.

**Точка 17**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Друштвото за производство, трговија и услуги Агротим-југ ДООЕЛ Скопје, со седиште на ул.„Максим Горки“ бр.12, Скопје-Центар, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба.

**Точка 18**

Владата ја разгледа Информацијата за добивање на согласност за склучување на Договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Друштво за производство и промет со вино и друго Бовин ДОО експорт-импорт Неготино, со седиште на ул. „Индустриска“ бб Неготино, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на Договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба.

**Точка 19**

Владата ја разгледа Информацијата за добивање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба Драган Цветков, с. Долни Дисан, Неготино, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба.

**Точка 20**

Владата ја разгледа Информацијата за добивање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Ристо Делов, с.Долни Дисан, Неготино, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба.

**Точка 21**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Ванчо Орешков, с.Тимјаник, Неготино, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба.

**Точка 22**

Владата ја разгледа Информацијата за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Друштвото за производство, трговија и услуги Дарко Мојсовски, с.Тимјаник, Неготино, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба.

**Точка 23**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Душко Орешков, с.Тимјаник, Неготино, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба.

**Точка 24**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за склучување на Договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Панчо Недев, с.Тимјаник, Неготино, со Предлог-одлука,

ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на Договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба.

**Точка 25**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Далибор Лазов, ул. „Маршал Тито“ бр.282, Неготино, со Предлог - одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба.

**Точка 26**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Андриана Николова, ул.Никола Минчев бр.15/1-6, Кавадарци, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба.

**Точка 27**

Владата ја разгледа Информацијата за Акциски план за вработување 2025-2027 година со Извештај за реализација на Акциски план за вработување 2021-2023 година во рамките на Национална стратегија за вработување 2021-2027 година, со текст на Акциски план и ја усвои со следните заклучоци:
1. Го прифати Акцискиот план за вработување 2025-2027 година со Извештај за реализација на Акциски план за вработување 2021-2023 во рамките на Национална стратегија за вработување 2021-2027 година.
2. Се задолжува Министерството за економија и труд во рок од една година по завршувањето на реализацијата на Акцискиот план за вработување 2025-2027 година, да подготви и до Владата да достави извештај за реализација на Акцискиот план за вработување 2025-2027 година.

**Точка 28**

Владата ги разгледа Предлог-одлуката за престанок на важење на концесијата за експлоатација на минерална суровина – мермер на локалитетот „Галабовец-Нови Присад“, Општина Прилеп и Предлог-одлуката за продолжување на концесијата за експлоатација на минерална суровина – мермер на Акционерското друштво за производство и преработка на мермер Фимар Балкан АД Скопје на локалитетот „Галабовец – Нови Присад“, Општина Прилеп, со прилози и ја донесе Одлуката за продолжување на концесијата за експлоатација на минерална суровина – мермер на Акционерското друштво за производство и преработка на мермер Фимар Балкан АД Скопје на локалитетот „Галабовец – Нови Присад“, Општина Прилеп.

**Точка 29**

Владата го одложи разгледувањето на Предлог – одлуката за престанок на важење на Концесијата за експлоатација на минерална суровина –дијабаз на локалитетот ,,Корешница‘‘, Општина Демир Капија.

**Точка 30**

Владата го одложи разгледувањето на Предлог-одлуката за престанок на важење на концесијата за експлоатација на минерална суровина–туф, габро и монцонит на локалитетот „с.Шталковица“, Општина Пробиштип.

**Точка 31**

Владата ја донесе Одлуката за давање на право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија на Општина Центар (усогласена со Секретаријатот за законодавство).

**Точка 32**

Владата ја разгледа Информацијата за правосилност на пресуда на Европскиот суд за човекови права во предметот К.М. против Република Северна Македонија (А.бр. 59144/16), со Предлог-одлука, ја усвои и ја

донесе Одлуката за исплата на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година, во износ од вкупно 4.500 евра на апликантката, кои треба да бидат исплатени по пресудата на Европскиот суд за човекови права во предметот К.М. против Република Северна Македонија (А.бр.59144/16), (средствата да се исплатат најдоцна до 18 август 2025 година).

**Точка 33**

Владата ја разгледа Информацијата за можностите и условите за спогодбено решавање на предметите Петковска и други против Северна Македонија (А.бр.41520/23) и 15 други апликации против Северна Македонија и ја усвои со следните заклучоци:

1.Се овластува владиниот агент во постапката пред Европскиот суд за човекови права да ја изрази подготвеноста на Владата на Република Северна Македонија за пријателско решавање на предметите Петковска и други против Северна Македонија (А.бр.41520/23) и 15 други апликации против Северна Македонија (како во табелата во прилог составен дел на оваа информација).
2.Се овластува владиниот агент на Република Северна Македонија во постапката пред Европскиот суд за човекови права, за целите на спогодбено решавање на предметите да прифати дека државата, на 45 апликанти од Петковска и други против Северна Македонија (А.бр.41520/23) и 15 други апликации против Северна Македонија, ќе им исплати вкупен износ од 35.070 евра во денарска противвредност, или поединечно по апликација, односно по апликант - износот наведен во табелата во прилог составен дел на оваа информација.

3.Се овластува владиниот агент на Република Северна Македонија во случај апликантите, во предметите Петковска и други против Северна Македонија (А.бр.41520/23) и 15 други апликации против Северна Македонија да не ја прифатат понудата за спогодбено решавање на предметите, да изрази еднострана декларација пред Европскиот суд за човекови права и за целите на конечно решавање на предметите пред Европскиот суд за човекови права на апликантите да им понуди износ кој е за 10% понизок од износот понуден од страна на Европскиот суд за човекови права за целите на спогодбено решавање на предметите.

**Точка 34**

Владата ја донесе Одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество во НАТО операцијата „КФОР“ во Република Косово.

**Точка 35**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Казнено–поправната установа Затвор Охрид.

**Точка 36**

Владата ја симна од Дневен ред Информацијата за потребата од внатрешна реконструкција и адаптација на административен простор на Министерството за култура и туризам.

**Точка 37**

Владата на предлог на предлагачот ја одложи од разгледување Информацијата за укинување на Одлуката бр.41-5062/5 од 6.6.2023 година за давање на одобрение за основање на Факултет за здравствени науки при Приватната високообразовна установа Меѓународен универзитет „Визион“ Гостивар, со Предлог-одлука.

Предлагачот да ја извести Владата кога материјалот повторно да се стави на дневен ред на седница на Влада.

**Точка 38**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од прераспределба на средства во рамки на Проектот за унапредување на основното образование, ја усвои и го задолжи Министерството за финансии, во соработка со Министерството за образование и наука, да достави барање до Меѓународната банка за обнова и развој (Светска банка) за прераспределба на средства, во износ од 640.000 евра, од категорија на трошоци бр.1 во категорија на трошоци бр.2.

**Точка 39**

Владата ја разгледа Информацијата за воспоставување G-Cloud преку користење на хардверска инфраструктура во сопственост на Агенцијата за електронски комуникации и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се препорачува на Агенцијата за електронски комуникации во рок од 60 дена да стави на располагање најмалку половина од расположливиот капацитет од хардверската инфраструктура која е испорачана како „клуч-на-рака“ решение во кое се вклучени: 384 јадра, со основна работна фреквенција од 3.0GHz и 35.75MB кеш меморија, 6TB RAM меморија, 300TB all flash сиров капацитет за складирање, на Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија.

2. Се задолжуваат Министерството за здравство, Министерството за економија и труд, Министерството за локална самоуправа, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за јавна администрација, Министерството за спорт, Министерството за односи меѓу заедниците, Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија и Управата за јавни приходи, да направат проценка кои од информациските системи ќе имаат бенефит од миграција на хардверската инфраструктура и истите да ги достават до Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, во рок од 14 работни дена.

3. Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија во рок од 30 дена, преку активните договори за софтверски лиценци да обезбеди соодветни лиценци за лиценцирање на потребните ресурси за работа на постоечката хардверска инфраструктура обезбедена од Агенцијата за електронски комуникации.

Истовремено, предлагачот да го има предвид укажувањето на Министерството за финансии, потребните средства да се обезбедат во рамките на одобрените износи на расходи за соодветната фискална година, без притоа да бара дополнителни финансиски средства од Буџетот на Република Северна Македонија.

**Точка 40**

Владата ја донесе Програмата за изменување на Програмата за потребите од специјалистички и супспецијалистички кадри согласно со мрежата на здравствени установи (2023 – 2026).

**Точка 41**

Владата ја донесе Одлуката за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижност сопственост на Република Северна Македонија (КП бр.12059, КО Кочани).

**Точка 42**

Владата ја донесе Одлуката за продажба на движни ствари (25 моторни возила за старо железо).

**Точка 43**

Владата ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за проширување на дејноста на Јавната здравствена установа Здравствен дом „Академик проф. д-р Димитар Арсов“ - Крива Паланка за спроведување специјалистичко-консултативна здравствена заштита на секундарно ниво од областа на кардиологијата.

Истовремено, предлагачот да го има предвид укажувањето на Министерството за финансии, во смисла средствата за вршење на дополнителна дејност, да се обезбедат во рамки на одобрениот буџет на Фондот за здравствено осигурување на Северна Македонија.

**Точка 44.**

Владата го симна од Дневен ред Предлогот на закон за изменување и дополнување на Изборниот законик, по скратена постапка (поднесен од пратеникот Моника Зајкова).

**Точка 45**

Владата го одложи од разгледување Предлогот на закон за дополнување на Законот за работните односи, по скратена постапка, поднесен од група пратеници, поради потребата Министерството за економија и труд да достави заедничко мислење подготвено во соработка со Министерството за надворешни работи и надворешна трговија и Министерството за одбрана, за наредната седница на Владата.

**Точка 46**

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување на Законот за воздухопловство, по скратена постапка, поднесен од група пратеници и притоа го утврди следново мислење

Во врска со предложените законски измени, со кои се предвидува зголемување на временскиот период за кој се донесува Програмата согласно која се определува финансиската поддршка на домашни и странски авиопревозници за поттикнување и развој на воздушниот сообраќај, односно наместо за тригодишен период истата да опфаќа период од шест години, Владата на Република Северна Македонија носи Фискална стратегија во која меѓу другото се содржани среднорочните насоки и цели на фискалната политика и износите за главните категории проценети приходи и расходи за период од пет години, па оттука доколку Владата утврди приоритет за продолжување на временскиот период на Програмата, финансиската поддршка утврдена во Програмата да биде временски конзистентна на Фискалната стратегија.

**Точка 47**

Владата го разгледа Предлогот на закон за дополнување на Законот за данокот на додадена вредност, по скратена постапка, поднесен од група пратеници и притоа го утврди следното мислење

Со горенаведениот Предлог на закон се предлага во членот 51 од Законот за данокот на додадена вредност зголемување на прагот за задолжителна регистрација за ДДВ од 2.000.000 денари на 4.000.000 денари, но исклучиво за регистирани земјоделци-физички лица.

Согласно членот 51 став (1) од Законот за данокот на додадена вредност („Службен весник на Република Македонија“ бр.44/99, 59/99, 86/99, 11/00, 93/00, 8/01, 21/03, 17/04, 19/04, 33/06, 45/06, 101/06, 114/07, 103/08, 114/09, 133/09, 95/10, 102/10, 24/11, 135/11, 155/12, 12/14, 112/14, 130/14, 15/15, 129/15, 225/15, 23/16, 189/16, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.98/19, 124/19, 275/19, 267/20, 163/21, 57/22, 199/23 и 3/25 во натамошниот текст: ЗДДВ), сите даночни обврзници, чиј вкупен промет во изминатата календарска година надминал износ од 2.000.000 денари или чиј вкупен промет се предвидува на почетокот од вршењето на стопанската дејност дека ќе го надмине износот или во текот на годината го надмине износот, обврзани се за регистрација за данокот на додадена вредност. Обврската за регистрација за данокот на додадена вредност не се однесува за даночни обврзници во смисла на член 32 точка 4 и член 46 од ЗДДВ.

Согласно член 9 став (1) од ЗДДВ, пропишано е дека даночен обврзник е лице кое трајно или повремено самостојно врши стопанска дејност, независно од целите и резултатите од оваа дејност.

Согласно став (2) од предметниот член, под стопанска дејност во смисла на став 1 од овој член се подразбира секоја дејност на производителите, трговците и лицата кои извршуваат услуги, која има за цел

остварување на приходи, вклучувајќи ги дејностите од областа на рударството, земјоделството и шумарството, како и отстапувањето на материјални и нематеријални добра за нивно користење.

Согласно став (3), точка 1 од предметниот член, како самостојна дејност не се смета дејноста на физичките лица, кои поединечно или здружени се вработени во некое претпријатие и по тој основ примаат плата и се обврзани да се повикуваат на упатствата на работодавачот.

Согласно горенаведеното, прагот за задолжителна регистрација за цели на данокот на додадена вредност се однесува за сите даночни обврзници кои трајно или повремено самостојно вршат стопанска дејност, независно од целите и резултатите од оваа дејност.

Притоа, почитување на потребата од воспоставување на конкурентност и неутралноста при оданочување со данокот на додадена вредност е во спротивност од практиката на издвојување на посебни интересни групи преку обезбедување на посебен даночен третман, особено што истото може да се продлабочи и во други сегменти во економијата кое доведува до негативни фискални импликации врз Буџетот на Република Северна Македонија и дисторзија на даночниот систем.

Исто така, дека одредбите од ЗДДВ во најголем дел се усогласени со Директивата на советот 2006/112/ЕЗ за заеднички систем на данокот на додадена вредност, а со прифаќање на предлози за измени и дополнувања на ЗДДВ, потребно е да не се наруши неутралноста на самиот данок, односно значајно е како истото ќе влијае на усогласеноста на националото законодавство со Европската легислатива за данокот на додадена вредност и како ќе влијае врз извештај на Европската комисија за напредок на поглавјето 3.16 Одданочување.

Имајќи го предвид сето погоре наведено, за Владата на Република Северна Македонија не е прифатлив предметниот Предлог на закон за дополнување на Законот за данокот на додадена вредност, по скратена постапка, поднесен од група пратеници и му предлага на Собранието на Република Северна Македонија да не го донесе Законот.

**Точка 48**

Владата го разгледа Барањето за давање на автентично толкување на член 65 став (4) од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија“ бр.40/06, 127/06, 136/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 31/15, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 57/17, 67/17, 125/17, 35/18, 99/18, 140/18, 208/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.98/19, 146/19, 42/20, 74/21, 215/21, 58/24, 76/24 и 116/25), поднесено од пратеникот Моника Зајкова и притоа укажува дека во конкретниот случај целисходно е Собранието на Република Северна Македонија да даде толкување, од причина што, Предлогот на закон за изменување на Изборниот законик, по скратена постапка е поднесен преку група пратеници во Собранието на Република Северна Македонија на 6.3.2024 година.

**Точка 49**

Владата го разгледа Барањето за давање автентично толкување на член 1 став 1 од Законот за дополнување на Законот за животната средина („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.171/22), поднесено од градоначалникот на Општина Кратово и притоа го утврди следното мислење

Согласно член 9 ставови 2 и 3 од Законот за минерални суровини, деталните геолошки истражувања на минерални суровини не можат да се вршат на простори кои се наоѓаат во населени места, јавни патишта, водостопански објекти, коритата и бреговите на површинските водни тела (водотеци, езера и акумулации), воени објекти, споменици на културата и заштитени подрачја на природата, како и на други простори на кои се наоѓаат објекти од јавен интерес. По исклучок од горенаведеното, детални геолошки истражувања на минералните суровини можат да се вршат и на споменатите простори, по претходна согласност на органите на државната управа надлежни за работите од соодветната област,
додека со член 38 концесија за експлоатација на минерални суровини се доделува на определен простор дефиниран со координати нанесени на топографската карта во размер 1:25.000 или 1:50.000, а кој е определен врз основа на елаборатот за извршените детални геолошки истражувања зголемен за просторот потребен за поставување на рударските објекти и рудничката инфраструктура.

Експлоатација на минерални суровини се врши на определен простор, односно експлоатационо поле, дефиниран со главниот или дополнителниот рударски проект за експлоатација на минерални суровини. Рударските објекти и рудничката инфраструктура се поставуваат на простор каде што резултатите од геолошките истражувања се негативни, а како доказ пред нивно ставање во функција, концесионерот доставува елаборат за извршените геолошки истражувања.

Согласно член 53 со експлоатација на минерални суровини и изведување на рударски работи може да се започне откако концесионерот ќе добие дозвола за експлоатација на минерални суровини, додека согласно член 55 за издавање на дозвола концесионерот кон барањето за издавање на дозвола за експлоатација на минерална суровина, покрај други наведени документи, треба да доставува и решение за одобрување на студијата за оцена на влијанието врз животната средина или решение за одобрување на елаборатот за оцена на влијанието врз животната средина, а која ја издава Министерството за животна средина и просторно планирање.

Имајќи го предвид горенаведеното, Владата на Република Северна Македонија смета дека одредбата предвидена во член 1 став (1) од Законот за изменување и дополнување на Законот за животната средина е тешко спроведлива, а исто така не е предвидена ниту преодна одредба која регулира како ќе се применуваат измените за концесионерите кои ги започнале постапките по претходното законско решение.

Имено, постојат концесионери кои уредно постапиле согласно тогашните позитивни законски прописи, но со напред наведените законски измени концесионерите се доведуваат во нерамноправна положба бидејќи тие не знаеле дека такви измени ќе се случат и за цело време од добивањето на концесијата за детални геолошки истражувања па се до експлоатација инвестирале. Законот за дополнување на Законот за животната средина („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 171/22), не содржи предни и завршни одредби кои би го регулирале прашањето кое е предмет на автентично толкување.

Имајќи предвид дека Барањето за автентично толкување се однесува за концесионерите кои веќе склучиле договор за концесија за експлоатација на минерални суровини пред стапувањето на сила на оваа дополна на Законот и кои имаат одобрен главен рударски проект, имаат точно определено екплоатационо поле и поставеност на инфраструктурните објекти и имаат започната постапка за оцена на влијанието на проектот врз животната средина пред донесувањето на Законот за дополнување на Законот за животната средина, Владата на Република Северна Македонија смета дека треба да се имаат предвид обврските кои ги имаат концесионерите, согласно Законот за минерални суровини, тоа што започната постапка за оцена на влијание врз животната средина се води според законските одредби важечки во моментот на нејзиното започнување (освен ако не е поинаку уредено) и забраната на ретроактивност (член 52 став (4) од Уставот на Република Северна Македонија) каде „Законите и другите прописи не можат да имаат повратно дејство, освен ако тоа е поповолно за граѓаните".

**<u>Точка 50</u>**

Владата ја разгледа Статутарната одлука изменување и дополнување на Статутот на Меѓународниот универзитет Визион и притоа го утврди следното мислење

Во воведниот дел од Статутарната одлука како правен основ, потребно е да се наведе само член 94 став 1 точка 1 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр.82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.178/21, 58/24 и 124/25).

Во називот на одлуката, зборот „усвојување“, се брише.

Со Статутарната одлука за изменување и дополнување, се менува важечкиот статут на Универзитетот, а не пречистен текст на Статутот.

Статутарната одлука се состои од членови.

Член 1 од Статутарната одлука треба да гласи:

„Со оваа статутарна одлука, се менува и дополнува Статутот на Меѓународниот универзитет „Визион“ – Гостивар“, а понатаму треба да се наведе архивскиот број и датум на важечкиот Статут на Универзитетот.

Во врска со измената на член 20 од Статутот, треба да се достави акт/договор со кој е уредена соработката со Универзитетот во Република Австрија, Линц, решение за акредитација/почеток со работа на студиската програма, издадено од страна на официјална установа во Република Австрија, како и диплома издадена на студентите запишани на Меѓународниот Универзитет „Визион“ – Гостивар, а кои наставата ја следеле во Република Австрија, Линц.

Потребно е во прилог да се достави и важечкиот статут на Меѓународниот универзитет „Визион“ – Гостивар.

Со оглед на горенаведеното, Владата на Република Северна Македонија дава негативно мислење по наведената Статутарна одлука, со укажување за постапување по горенаведените забелешки.

**Точка 51**

Владата ја разгледа Иницијативата од Управата за јавни приходи, застапувана од директорот Елена Петрова, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У3.бр.12/25 за поведување постапка за оценување на уставноста и законитоста на членовите 97 и 98 од Колективниот договор на Управата за јавни приходи од 12.7.2023 година и притоа го утврди следното мислење

Со членот 97 е предвидено работодавачот (УЈП) финансиски да ги поддржува активностите на Синдикалната организација од сопствени приходи на Управата, при што финансиската поддршка е одредена во износ од 1,5% на годишно ниво врз основа на сопствените годишни приходи на УЈП за претходната година.

Понатаму, истиот член ја уредува и распределбата на овие средства, како и обврската на Синдикалната организација за доставување на финансиски извештаи за нивното наменско користење.

Вака конципираниот член е спротивен на Законот за Улравата за јавни приходи („Службен весник на Република Македонија" бр.43/14, 61/15, 27/16, 35/18, 83/18, 7/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.87/23 и 3/25), Законот за спречување на корупција и судир на интереси („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.12/19) и Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија" бр.62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16, 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.110/19, 267/20, 151/21, 288/21, 111/23, 39/25 и 74/25) и согласно подносителот на Иницијативата, со истиот се повредува уставното начело на владеење на правото (член 8 став 1) и член 51, согласно кој законите мораат да бидат во согласност со Уставот, а сите други прописи со уставот и законите, при што секој е должен да ги почитува Уставот и законите.

Членот 98 ја уредува посебната заштита на претседателот на Синдикалната организација, потпретседателот, членовите на синдикалните органи и тела, кои опфаќаат забрана за отказ од деловни причини и неможност за распоредување на друго работно место без нивна согласност, како и ослободување од работни обврски заради вршење на синдикални активности, состаноци, семинари, конференции и сл.

Согласно наводите во Иницијативата, со ваквите одредби се врши дискриминација на вработените кои не се членови на синдикатот, односно кои се членови на другите два синдикати во УЈП.
Согласно член 2 од Конвенцијата за правото на организирање и колективно договарање (С98) на Мегународната организација на трудот, организациите на работниците и на работодавачите имаат право на соодветна заштита од какви било постапки со кои тие или нивните претставници или членови се мешаат едни на други во нивното основање, дејствување или управување.

Ова особено се однесува на постапките што имаат цел да промовираат формирање организации на работници коишто би биле под доминација на работодавачите или организациите на работодавачите или финансиска или друга поддршка на организациите на работниците со намера ставање на овие

организации под контрола на работодавачите или организациите на работодавачите, ќе се сметаат за постапки на мешање во смисла на овој член.

Согласно член 195 од Законот за работните односи, работодавачите и нивните здруженија не смеат да имаат надзор над основањето и дејствувањето на синдикатите, односно нивните здруженија на повисоко ниво, ниту со цел на таков надзор смеат да ги финансираат или на друг начин потпомагаат синдикатите, односно нивните здруженија на повисоко ниво.

Логиката зад забраната за финасиска поддршка и според Конвенцијата и според Законот за работните односи е дека на тој начин ќе се овозможи контролирање на синдикатите и нарушување на синдикалната автонимија. Поддршката е дозволена само како овозможување на простор, време и сето она што ги олеснува синдикалните активности.

Оттука, недозволиво е финансирањето од страна на работодавачот, бидејќи тоа директно влијае на намалување на независноста на синдикатот и неговото слободно дејствување.

Согласно член 1 од Конвенцијата за работнички претставници (C135) на Меѓународната организација на трудот, работничките претставници во претпријатието уживаат ефективна заштита против каква било постапка што е штетна за нив, вклучувајќи го отпуштањето од работа, што се заснова врз нивниот статус или активности како работнички претставници или врз членството во синдикатот или учеството во синдикалните активности, под услов ако постапуваат во согласност со постоечките закони или колективни договори или други заеднички договорени аранжмани.

Со членот 2 од истата Конвенција на работничките претставници во претпријатието им се обезбедуваат соодветни погодности што им овозможуваат брзо и ефикасно вршење на нивните функции.

Со член 198 од Законот за работните односи е уредено дека работникот не смее да биде ставен во понеповолна положба од другите работници поради членство во синдикатот, а особено не е допуштено:
1) договор за вработување со определен работник да се склучи под услови за тој да не стапи во синдикат, односно под услов да истапи од синдикатот и

2) да му се раскине договорот за вработување или на друг начин го стави работникот во понеповолна положба од другите работници поради негово членство во синдикатот или учество во синдикални активности надвор од работното време, а со согласност на работодавачот и за време на работното време.

(2) Членството во синдикатот и учество во активностите на синдикатот не смее да биде околност на која работодавачот ќе ја заснова одлуката за склучување на договор за вработување, за промена на работата која работникот ја работи, односно местото на работа, стручното образование, напредувањето, плаќањата, социјалните надоместоци и престанок на договор за вработување.

(3) Работодавачот, директорот или некој друг орган и застапникот на работодавачот, не смеат да користат присила против кој било синдикат.

Понатаму, членот 199 предвидува дека:

(1) Синдикатите самостојно одлучуваат за начинот на нивното застапување кај работодавачот.

(2) Синдикатите кои имаат членови вработени кај одреден работодавач можат да именуваат или изберат еден или повеќе синдикални претставници кои ќе ги застапуваат кај тој работодавач.

(3) Синдикалните претставници имаат право кај работодавачот да ги штитат и промовираат правата и интересите на членовите на синдикатот.

(4) Работодавачот е должен на најбројниот репрезентативен синдикат да му обезбеди просторни услови за вршење на дејноста.

(5) Работодавачот е должен на синдикатите и нивните претставници да им овозможи навремено и успешно остварување на правата од ставот (3) на овој член и пристап до податоците важни за остварување на тоа право.

(6) Синдикалниот претставник е должен правото од ставот (3) на овој член да го остварува во време и на начин согласно со колективен договор.

(7) Синдикатот е должен да го извести работодавачот за именувањето на синдикалниот претставник.

Согласно горенаведеното, се смета дека членот 97 од Главата XI Услови за работа и делување на Синдикалната организација „Солидарност“ од Колективниот договор на Управата за јавни приходи бр.1-4228/1 (0102-4/1) од 12.7.2023 година, не е во согласност со член 8 став 1 и член 51 од Уставот, поради што Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да ја прифати Иницијативата за поведување постапка за оценување на уставноста на оспорената одредба, додека членот 98 од истиот Колективен договор е во согласност со Уставот и Владата му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не ја прифати Иницијативата за поведување постапка за оценување на уставноста на овој член, односно да донесе решение за неповедување постапка за оценување на уставноста на наведениот член.

**Точка 52**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Милана Пановска од Кочани, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.3444, за КО Безиково, на КП бр.2501, викано место/улица „Јанѓелова нива“, Имотен лист бр.3550, за КО Безиково, на КП бр.2520, викано место/улица „Лазарица“, Имотен лист бр.3526, за КО Безиково, на КП бр.2203, викано место/улица „Батулица“ и Имотен лист бр.3558, за КО Безиково, на КП бр.2918, викано место/улица „Попово лозје“ и по Понудата го усвои Мислењето на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, како и Известувањето на Министерството за транспорт.

**Точка 53**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Фросина Клисароска Канчевска од Скопје, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.4082 за КО Драчево 2, на КП бр.12470, викано место/улица „Речиште“ и не ја прифати Понудата, имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт.

**Точка 54**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Дарко Стојкоски од Скопје, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.193285, за КО Драчево 2, на КП бр. 9692 и не ја прифати Понудата имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за транспорт и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**Точка 55**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Симона Талевска од Битола, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.30 за КО Кравари, на КП бр.181, викано место/улица „Меѓа“ и по Понудата го усвои новото Известување на Министерството за транспорт.

**Точка 56**

1. Владата врз основа на член 59 став (4) и член 60 од Законот за надворешни работи, заклучи да му предложи на министерот за надворешни работи и надворешна трговија за свој специјален пратеник во Соединетите Американски Држави, за економска промоција и инвестиции со седиште во Чикаго да го назначи Петрит Муслиу и ја донесе Одлуката за утврдување на задачи на специјалниот пратеник во Соединетите Американски Држави за економска промоција и инвестиции, со седиште во Чикаго.

2. Владата ја отповика Александра Нениќ Кирилова од должноста член на Надзорниот одбор на Железници на Република Северна АД – Скопје, на нејзино барање.

   2.1 Владата ја именува Наташа Трајковска за член на Надзорниот одбор на Железници на Република Северна АД – Скопје.

3. Владата го разреши Лутфи Акики од должноста директор на Управата за семе и саден материјал, орган во состав на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

4. Владата го именува Аљи Алили за директор на Управата за семе и саден материјал, орган во состав на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

5. Владата го именува Шенаси Точи за вршител на должноста заменик на директорот на Бирото за развој на образованието, орган во состав на Министерството за образование и наука и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

6. Владата го разреши Баким Бакиу од должноста вршител на должноста директор на ЈУ од областа на здравството за потребите на јавните здравствени установи универзитетски клиники, завод и ургентен центар Скопје, досегашен вршител на должноста директор на јавната установа.
7. Владата го именува Башким Бакиу за директор на ЈУ од областа на здравството за потребите на јавните здравствени установи универзитетски клиники, завод и ургентен центар Скопје.

8. Владата за членови на Управниот одбор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Гевгелија ги именува:

   од редот корисниците предложена од Советот на корисници
   - Танка Атанасова

   од Советот на Општината
   - Љубица Карајанова

9. За член на Управниот одбор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Македонски Брод, претставник на Советот на Општината се именува
   - Горан Дамчески

10. Владата ја разреши Арлинда Телиќу од должноста член на Управниот одбор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Дебар, стручен соработник од Центарот за социјална работа, на нејзино барање, поради постоење на состојба на судир на интереси.

    10.1 Владата го именува Скендер Даци за член на Управниот одбор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Дебар, стручен соработник од Центарот за социјална работа.

11. Владата го разреши Ерзен Ељези од должноста член на Управниот одбор – претставник на основачот на ЈЗУ Специјална болница за белодробни заболувања и туберколоза „Лешок“, на негово барање, поради постоење на состојба на судир на интереси.

12. Владата го разреши проф. д-р Златко Србиновски од должноста член на Националната комисија за учебници за основно и средно образование, од високообразовните и научните установи од областа на природните науки, математика и техника, на негово барање.

13. Владата од должноста претседател и членови на Комисијата за право на поврат на средствата на Агенцијата за филм на Република Северна Македонија, поради истек на мандатот ги разреши:

а) од претседател:
- Игор Аневски

б) од членови:
- Александра Герос
- Петар Петковски и
- Слободан Трајковски

13.1 Владата за претседател и членови на Комисијата за право на поврат на средствата на Агенцијата за филм на Република Северна Македонија ги именува:
а) за претседател:
- Андриана Липтова на предлог на директорот на Управата за јавни приходи

б) за членови:
- Ѓорѓи Михаилов на предлог на директорот на Управата за јавни приходи
- Јасмина Груевска Божиновска на предлог на директорот на Управата за јавни приходи и
- Дејан Илиев, филмски продуцент од Република Северна Македонија на предлог на министерот за култура.

14. Владата го разреши Николче Спасовски од должноста член на Советот за стручно образование и обука од Самостоен синдикат за образование, наука и култура на Република Северна Македонија.

14.1 Владата го именува Зенафер Бајмак Грозданов за член на Советот за стручно образование и обука од Самостоен синдикат за образование, наука и култура на Република Северна Македонија.

15. Владата даде согласност на Одлуката бр.02-255/1 од 22.7.2025 година на Советот на ЈНУ Институт за фолклор „Марко Цепенков" – Скопје, со која се прифаќа оставката на проф. д-р Ермис Лафазановски, научен советник во Институтот, на негово барање и се разрешува од функцијата директор на ЈНУ Институт за фолклор „Марко Цепенков" – Скопје.

15.1 Владата даде согласност на Одлуката бр.02-256 од 22.7.2025 година на Советот на ЈНУ Институт за фолклор „Марко Цепенков" – Скопје, со која за вршител на должноста директор на ЈНУ Институт за фолклор „Марко Цепенков" – Скопје е избран проф. д-р Зоранчо Малинов.

16. Владата ја разреши Снежа Стојановска од должноста член на Училишниот одбор – претставник на основачот на Државното средно училиште – Регионален центар за стручно образование и обука „Коле Неделковски" Велес, поради постоење на состојба на судир на интереси.

16.1 Владата ја именува Селма Амедоска за член на Училишниот одбор – претставник на основачот на Државното средно училиште – Регионален центар за стручно образование и обука „Коле Неделковски" Велес.

17. Владата на д-р Лидија Аризанковска, Станислава Сташа Тофоска Јаневска и д-р Искра Пановска – Димкова определни претставници во Советот на ЈНУ Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“ – Скопје им утврди престанок на мандатот.

17.1 Владата за претставници во Советот на ЈНУ Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“ – Скопје ги определи:

- д-р Игор Станојоски, Филолошки факултет – Универзитет „Гоце Делчев“, Штип
- д-р Кристина Димоска, ЈНУ Институт за фолклор „Марко Цепенков“, Скопје и
- д-р Орданче Петров, ЈНУ Институт за старословенска култура, Прилеп.

18. Владата на д-р Љупчо Маркушевски, д-р Татјана Атанасоска и д-р Бранко Димески, определени претставници во Советот на ЈНУ Институт за старословенска култура, Прилеп им утврди престанок на мандатот.

18.1 Владата за претставници во Советот на ЈНУ Институт за старословенска култура, Прилеп ги определи:

- д-р Дарко Томовски, Институт за македонски јазик,
- д-р Лилјана Гушевска, Институт за национална историја и
- д-р Маја Панова, Институт за национална историја.

**Точка 57**

**1.**Владата заклучи Заклучокот бр.2 од Извадокот од Нацрт – записникот од Деведесет и петтата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 22 јули 2025 година, точка 94, по „Информацијата за потребата за набавка, одржување и корисничка поддршка на национален интегриран систем за управување со симптоми за пациенти“, кој гласи:

„2. Се задолжува Министерството за здравство, да спроведе јавна набавка, согласно Законот за јавни набавки, за набавка, одржување и корисничка поддршка на национален интегриран систем за управување со симптоми за пациенти.“

да престане да важи.

**2**.Владата во врска со реализација на заклучоците од Извадокот од Нацрт-записникот од Деведесет и третата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 15 јули 2025 година (Прашања и предлози), ги задолжи Министерството за животна средина и просторно планирање и Министерството за култура и туризам, во рок од три дена до Министерството за транспорт и на e-mail: sanja.petkovska@mtc.gov.mk, да достават номинација на член и заменик член за формирање на работна група:

1.)За подготвување на Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за управување со светско природно и културно наследство во Охридскиот Регион;

2) За разгледување на Планот за управување со Светско природно и културно наследство на Охридскиот Регион, особено во делот на урбанизација и бесправно изградени објекти како закана за природно и културно наследство, кои ќе предложат изменување на соодветни законски и други акти, како и

3) За спроведување на препораките од последниот Извештај на УНЕСКО за Општина Охрид и Општина Струга.

Истовремено, се задолжува Министерството за надворешни работи и надворешна трговија, а се препорачува на Општина Охрид и Општина Струга, да достават номинација на член и заменик член, по однос на точка три од овој заклучок.

**3**.Владата на барање на д-р Тимчо Муцунски, министер за надворешни работи и надворешна трговија, а во врска со упатувањето на ревизорот Иван Игњатов од Државниот завод за ревизија, по објавен конкурс, во НАТО, му укажува на Државниот завод за ревизија да постапи согласно Законот за надворешени работи при упатување на вработени на работни активности во меѓународни организации и истовремено потребните средства за плати и други надоместоци за упатеното лице да ги обезбеди во рамките на сопствениот буџет.

**4**.Владата ја разгледа Информацијата за промоција на НРС/ЦОР Мапа за инвестирање во рамки на Националната развојна стратегија 2024 – 2044, ја усвои Информацијата и го задолжи Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија - Одделение за следење на Националната развојна стратегија, по електронска пошта најдоцна до 15.8.2025 година, до контакт лицата од мрежата за Националната развојна стратегија, да го достави банерот за НРС/ЦОР Мапа за инвестирање на Република Северна Македонија, со цел истиот да се објави на интернет страницата на Министерството односно институцијата во делот наменет за инвестиции, стратешки документи или меѓународна соработка, во рок од 10 дена од добивањето на известувањето од Одделението за следење на Националната развојна стратегија.

**5**.Владата по повод годишнината на Охридскиот рамковен договор, каде како панелист ќе учествува и дипломатот Питер Фејт, ги донесе следните заклучоци:

1)Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија да ги надомести трошоците за авиобилет на дипломатот Питер Фејт Копенхаген-Скопје и обратно.

2)Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да ги покрие трошоците за хотелско сместување за периодот на престој во Скопје.

3)Се задолжува Министерството за финансии до крајот на тековната буџетска година, при подготвувањето на предлогот на одлука за прераспределба на средства помеѓу буџетските корисници на централната власт и помеѓу фондовите за 2025 година, да направи прераспределба на финансиски средства од буџетската ставка наменета за одбележување на годишнината на Рамковниот договор на Министерството за односи меѓу заедниците во ставки на Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија и Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, во висина од исплатените средства од заклучоците 1 и 2.

**6**.Владата, по повод укажувањето на Игор Јанушев, генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија, а во врска со спорот пред Управниот суд на Република Северна Македонија, помеѓу Општина Карпош и Владата на Република Северна Македонија по однос на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на недвижна ствар на Министерството за спорт (спортска сала „Наум Наумовски Борче"– Партизан), заклучи Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да определи претставник од редот на вработените во Генералниот секретаријат кој ќе присуствува на рочиштето и ќе ги застапува интересите и ставовите на Владата.

**7.** Владата во врска со Барањето за покажување на интерес за финансирање на изградбата на брзата пруга долж Коридорот X, до меѓународните финансиски институции/комерцијални банки го задолжи Министерството за транспорт да спроведе повеќегодишна јавна набавка за избор на консултантска куќа која ќе изработи документација за анализа која се користи за мерење на способноста и веројатноста за успешно завршување на проектот, вклучувајќи ги сите релевантни фактори, како што се економските, техничките и правните фактори, идеен проект и студија за оценка на влијанието врз животната средина и социјални аспекти.

**<u>Точка 58</u>**

Владата го разгледа и го усвои Годишниот извештај за примената на Законот за бесплатна правна помош за 2024 година.

**<u>Точка 59</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за спроведување на инструментот за реформи и раст, со Извештај од спроведена функционална анализа во Министерството за дигитална трансформација, согласно Заклучок

бр.2, Точка 83 – Прашања и предлози од Нацрт – записникот од Триесет и шестата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 3 декември 2024 година, како материјал за информирање.

**Точка 60**

Владата го разгледа Извештајот за работата на Министерството за култура и туризам, Сектор за управен и инспекциски надзор за 2024 година, како материјал за информирање.

**Точка 61**

Владата го разгледа Годишниот извештај за работата на Комисијата за паричен надоместок на жртви од кривично дело со насилство во 2024 година, како материјал за информирање.

**Точка 62**

Владата го разгледа Годишниот извештај за работа на Агенцијата за филм на Република Северна Македонија за 2024 година, со коригиран Финансиски извештај, како материјал за информирање.

**Точка 63**

Владата го разгледа Извештајот за начинот на користење на планинарските домови, кои се во државна сопственост, како материјал за информирање.
Истовремено, се укажува на Федерацијата за планинарство на Република Северна Македонија да остварува редовна соработка со Министерството за спорт, за активностите во иднина.

**Точка 64**

Владата ја разгледа Информацијата за работењето на компензационите фондови од странска помош, со прилог извештаи за 2023 година, усвоени од Комисијата за менаџмент на компензационите фондови, на седницата, одржана на 30.12.2024 година, како материјал за информирање.

**Точка 65**

Владата го разгледа Извештајот за активностите на Бирото за јавни набавки во функционирањето на системот на јавните набавки за 2024 година, како материјал за информирање.

**Точка 66**

Владата го разгледа Извештајот за реализација на Годишната програма за финансирање на железничката инфраструктура за 2024 година, како материјал за информирање.

**Точка 67**

Владата го разгледа Акцискиот план за активностите што треба да се преземат во врска со наодите дадени од ревизорот по извештаите за извршена ревизија од Државниот завод за ревизија на Годишната сметка за 2023 година на Акционерското друштво за поштенски сообраќај „Пошта на Северна Македонија“, во државна сопственост-Скопје, како материјал за информирање.

**Точка 68**

Владата повторно ја разгледа Предлог-програмата за заштита на ранливи потрошувачи на енергија за 2025 година и ја донесе Програмата за заштита на ранливи потрошувачи на енергија за 2025 година.

**Точка 69**

Владата го одложи разгледувањето на Предлог-одлуката за изменување на Одлуката за користење на средства за капитални дотации до единиците на локалната самоуправа за инфраструктурни проекти од областа на образованието и науката за 2025 година.

**Точка 70**

Владата ја одложи од разгледување Предлог - одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за користење на средства за капитални дотации до единиците на локалната самоуправа за инфраструктурни проекти од областа на животната средина и просторното планирање за 2025 година.

**Точка 71**

Владата ја одложи од разгледување Предлог-одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за користење на средства за капитални дотации до единиците на локалната самоуправа за инфраструктурни проекти од областа на спортот за 2025 година.

**Точка 72**

Владата ја одложи од разгледување Предлог-одлуката за изменување на Одлуката за користење средства за капитални дотации до единиците на локалната самоуправа за инфраструктурни проекти од надлежност на Министерството за социјална политика, демографија и млади за 2025 година.

**Точка 73**

Владата ја одложи од разгледување Предлог – одлуката за изменување на Одлуката за користење на средства за капитални дотации до единиците на локалната самоуправа за инфраструктурни проекти од областа на транспортот за 2025 година.

**Точка 74**

Владата го одложи разгледувањето на Предлог-одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за користење на средства за капитални дотации до единиците на локалната самоуправа за инфраструктурни проекти од областа на културата за 2025 година.

**Точка 75**

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за енергетска ефикасност (*) и го утврди со следните заклучоци:
1.Текстот на Предлогот на закон и коренсподентните табели да се усогласат со Секретаријатот за законодавство.
2.Усогласениот текст на Предлогот на закон да се достави до Собранието, согласно член 144 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија.
За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Сања Божиновска, министер за енергетика, рударство и минерални суровини и м-р Мирослав Лабудовиќ, заменик на министерот за енергетика, рударство и минерални суровини, а за повереници Горан Јовановски, државен секретар во Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини и Димитар Парнарџиев, раководител на сектор во Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини.

**Точка 76**

Владата го разгледа Извештајот за неопходноста и сразмерноста на јавните интервенции и за оцена на напредокот кон постигнување на ефективна конкуренција помеѓу снабдувачите и транзицијата кон пазарно засновани цени, го усвои Извештајот и го задолжи Генералниот секретаријат на Владата на

Република Северна Македонија, да достави електронска верзија од Извештајот за неопходноста и сразмерноста на јавните интервенции и за оцена на напредокот кон постигнување на ефективна конкуренција помеѓу снабдувачите и транзицијата кон пазарно засновани цени, до Секретаријатот на Енергетска заедница.

**Точка 77**

Владата ја донесе Уредбата за изменување и дополнување на Уредбата за видот на активности, максималниот износ по активности, корисниците, субјектите кои учествуваат во постапката, поблиските критериуми и начинот за доделување на техничката поддршка во земјоделството и руралниот развој.

**Точка 78**

Владата ја донесе Уредбата за дополнување на Уредбата за поблиските критериуми за директни плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2025 година.

**Точка 79**

Владата ја донесе Програмата за дополнување на Програмата за спроведување на интервентен фонд за земјоделството за 2025 година.

**Точка 80**

Владата ја донесе Програмата за изменување и дополнување на Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2025 година.

**Точка 81**

Владата ја донесе Програмата за изменување на Програмата за финансиска поддршка во рибарството и аквакултурата за 2025 година.

**Точка 82**

Владата ја донесе Програмата за изменување на Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2025 година.

**Точка 83**

Владата ја разгледа Информацијата за правните, урбанистичките и техничките аспекти на дислокацијата на топловодот во населба Водно, влијанието врз снабдувањето со топлинска енергија и предлог решенија за обезбедување стабилност на дистрибутивниот систем, ја усвои и го задолжи Акционерското друштво за производство на електрична енергија, „Електрани на Северна Македонија“, во државна сопственост, Скопје да најде соодветно и привремено решение со постојниот сопственик на земјиштето.
Истовремено, се укажува на Град Скопје, согласно членот 62, став 7 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 32/20, 111/23 и 171/24), за одобрување на урбанистички проекти од членот 58 став 2 точка 4 од овој закон, со кој генералниот урбанистички план директно се спроведува, надлежен е градоначалникот на општината и градоначалникот на Град Скопје. Имајќи ја предвид оваа одредба, надлежен за одобрување на урбанистички проект со кој директно се спроведува генерален урбанистички план е донесувачот на истиот, во случајов Град Скопје.

**Точка 84**

Владата ја разгледа Предлог - одлуката за давање согласност со подавка преку нотар да се понуди градежно земјиште на кое Република Северна Македонија е сопственик на најмалку 70 % од вкупната површина на градежната парцела на другите сопственици на катастарските парцели од кои е формирана градежната парцела и условно ја донесе Одлуката, со заклучок предлагачот да постапи по забелешките изнесени во Мислењето на Министерството за транспорт и притоа да обезбеди позитивно мислење од Министерство за транспорт по Одлуката.

**Точка 85**

Владата ја разгледа Информацијата за спроведување на централизирана набавка за обнова на софтверски лиценци за виртуелна платформа, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за определување на централно тело за набавки за спроведување на централизирана набавка на софтверски лиценци за виртуелна платформа.

**Точка 86**

Владата ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за основање на Национална установа - Археолошки музеј на Македонија - Скопје.

**Точка 87**

Владата ја разгледа Предлог – одлуката за продолжување на концесијата за експлоатација на минерална суровина – варовник на Градежното, производно, трговско и услужно друштво Амди Амзаи АСНЕРА увоз-извоз с.Франгово Струга ДООЕЛ на локалитетот ,,Локов“ с.Франгово, Општина Струга и не ја донесе Одлуката.

**Точка 88**

Владата ја разгледа Предлог – одлуката за продолжување на концесијата за експлоатација на минерална суровина – риолит на Друштвото за трговија, производство и услуги Минерал – Груп ДОО Струмица на локалитетот ,,Крив Пат“ с.Куклиш, Општина Струмица и не ја донесе Одлуката.

**Точка 89**

Владата ја разгледа Предлог - одлуката за продолжување на концесијата за експлоатација на минерална суровина – мермер на Трговското друштво за производство и истражување ЛАРИН МРАМОР КОМПАНИ АД експорт-импорт Скопје на локалитетот „Галабовец – Нови Присад“, Општина Прилеп и не ја донесе Одлуката.

**Точка 90**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за продолжување на концесијата за експлоатација на минерална суровина–варовник на Трговското друштво за транспорт и трговија Мамуди Везир Мамуди-транс увоз-извоз, с. Радолишта, Струга ДООЕЛ на локалитетот ,,Краста“, с. Радолишта, Општина Струга и не ја донесе Одлуката.

**Точка 91**

Владата ја разгледа Предлог - програмата за изменување на Програмата за научно-истражувачката дејност за 2025 година и ја донесе Програмата со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 92**

Владата ја разгледа Предлог - програмата за изменување и дополнување на Програмата за остварување и развој на дејноста во студентскиот стандард за 2025 година и ја донесе Програмата, со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 93**

Владата ја разгледа Предлог-програмата за изменување на Програмата за остварување и развој на дејноста во ученичкиот стандард за 2025 година и ја донесе Програмата со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 94**

Владата ја разгледа Информацијата за спроведување повеќегодишна јавна набавка за изградба на нов училишен објект во с.Непроштено, Општина Теарце, како и услуги за вршење на стручно технички надзор врз изградба на нов училишен објект во с.Непроштено, Општина Теарце и ја усвои со следните заклучоци:

1. Врз основа на претходно издадено позитивно мислење од Министерството за финансии, даде согласност за преземање на обврски за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредните години на Министерството за образование и наука од Потпрограма ТА, Сметка 637 за изградба на нов училишен објект во с.Непроштено, Општина Теарце, како и услуги за вршење на стручно технички надзор врз изградба на нов училишен објект во с.Непроштено, Општина Теарце и тоа:

- за изградба 2.000.000,00 денари со ДДВ во 2025 година и 4.726.000,00 денари со ДДВ во 2026 година, како и
- за услуги за вршење на стручно технички надзор 50.000,00 денари со ДДВ во 2025 година и 118.150,00 денари со ДДВ во 2026 година.

2. Се задолжува Министерството за образование и наука да спроведе постапка за доделување на договор за јавна набавка за изградба на нов училишен објект во с.Непроштено, Општина Теарце, како и услуги за вршење на стручно технички надзор врз изградба на нов училишен објект во с.Непроштено, Општина Теарце со плаќање по времени ситуации во период од 7 месеци со следнава динамика: за изградба 2.000.000,00 денари со ДДВ во 2025 година и 4.726.000,00 денари со ДДВ во 2026 година, како и за услуги за вршење на стручно технички надзор 50.000,00 денари со ДДВ во 2025 година и 118.150,00 денари со ДДВ во 2026 година.

Истовремено, се задолжува Министерството за образование и наука потребните буџетски средства да ги утврди во рамките на обезбедените и планираните средства во соодветната фискална година, а Министерството за финансии да ги има предвид при утврдување на Буџетот на Република Северна Македонија за соодветната фискална година.

**Точка 95**

Владата ја разгледа Информацијата за спроведување повеќегодишна јавна набавка за реконструкција на училишен објект во ООУ „Фан Ноли“, с.Требош, Општина Желино, како и услуги за вршење на стручно-технички надзор врз реконструкција на училишен објект во ООУ „Фан Ноли“, с.Требош, Општина Желино и ја усвои со следните заклучоци:

1.Владата, врз основа на претходно издадено позитивно мислење од Министерството за финансии, даде согласност за преземање на обврски за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредните години на Министерството за образование и наука од Потпрограма ТБ, Сметка 637, за реконструкција на училишен објект во ООУ „Фан Ноли“, с.Требош, Општина Желино, како и услуги за вршење на стручно технички-надзор врз реконструкција на училишен објект во ООУ „Фан Ноли“, с.Требош, Општина Желино и тоа:
- за реконструкција 1.500.000,00 денари, со ДДВ, во 2025 година и
- 9.543.605,00 денари, со ДДВ, во 2026 година,

како и
- за услуги за вршење на стручно-технички надзор 37.500,00 денари, со ДДВ, во 2025 година и
- 238.590,00 денари, со ДДВ, во 2026 година.

2.Се задолжува Министерството за образование и наука, да спроведе постапка за доделување на Договор за јавна набавка за реконструкција на училишен објект во ООУ „Фан Ноли“, с.Требош, Општина Желино, како и услуги за вршење на стручно-технички надзор врз реконструкција на училишен објект во ООУ „Фан Ноли“, с.Требош, Општина Желино, со плаќање по времени ситуации во период од седум месеци, со следнава динамика:

- за реконструкција 1.500.000,00 денари, со ДДВ, во 2025 година и
- 9.543.605,00 денари, со ДДВ, во 2026 година,

како и

- за услуги за вршење на стручно-технички надзор 37.500,00 денари, со ДДВ, во 2025 година и
- 238.590,00 денари, со ДДВ, во 2026 година.

**Точка 96**

Владата ја разгледа Информацијата за спроведување повеќегодишна јавна набавка за Изградба на спортски терени и партерно уредување за едукативни и спортско-рекреативни активности на училишен двор на ООУ „Методи Митевски-Брицо“, Општина Лозово, како и услуги за вршење на стручно технички надзор врз Изградба на спортски терени и партерно уредување за едукативни и спортско-рекреативни активности на училишен двор на ООУ „Методи Митевски-Брицо“, Општина Лозово и ја усвои со следните заклучоци:

1. Врз основа на претходно издадено позитивно мислење од Министерството за финансии, даде согласност за преземање на обврски за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредните години на Министерството за образование и наука од потпрограма ТА, сметка 637 за Изградба на спортски терени и партерно уредување за едукативни и спортско-рекреативни активности на училишен двор на ООУ „Методи Митевски-Брицо“, Општина Лозово, како и услуги за вршење на стручно технички надзор врз Изградба на спортски терени и партерно уредување за едукативни и спортско-рекреативни активности на училишен двор на ООУ „Методи Митевски-Брицо“, Општина Лозово и тоа:

- за Изградба 8.000.000,00 денари со ДДВ во 2025 година и 14.700.000,00 денари со ДДВ во 2026 година, како и
- за Услуги за вршење на стручно технички надзор 200.000,00 денари со ДДВ во 2025 година и 367.500,00 денари со ДДВ во 2026 година.

2. Се задолжува Министерството за образование и наука да спроведе постапка за доделување на договор за јавна набавка за Изградба на спортски терени и партерно уредување за едукативни и спортско-рекреативни активности на училишен двор на ООУ „Методи Митевски-Брицо“, Општина Лозово, како и услуги за вршење на стручно технички надзор врз Изградба на спортски терени и партерно уредување за едукативни и спортско-рекреативни активности на училишен двор на ООУ „Методи Митевски-Брицо“, Општина Лозово со плаќање по времени ситуации во период од 10 месеци со следнава динамика: за Изградба 8.000.000,00 денари со ДДВ во 2025 година и 14.700.000,00 денари со ДДВ во 2026 година, како и за услуги за вршење на стручно технички надзор 200.000,00 денари со ДДВ во 2025 година и 367.500,00 денари со ДДВ во 2026 година.

**Точка 97**

Владата ја разгледа Информацијата за подготовка на извештај за дебит нота од ДЕУ на основ на извршена ревизија на Министерството за локална самоуправа, ја усвои Информацијата и го задолжи м-р ЗлаткоПерински, министер за локална самоуправа, предметниот материјал да го достави до надлежните органи.

**Точка 98**

Владата ја донесе Уредбата за методологија за утврдување на критериумите за распределба на блок дотации од областа на културата во 2026 година (усогласена со Секретаријатот за законодавство).

**Точка 99**

Владата ја разгледа Предлог – уредбата за Методологија за утврдување на критериуми за распределба на наменски дотации за основното образование по општини за 2026 година и ја донесе Уредбата, со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 100**

Владата ја разгледа Предлог – уредбата за методологија за утврдување на критериуми за распределба на блок дотации за средното образование по општини и Град Скопје за 2026 година и условно ја донесе Уредбата, со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 101**

Владата ја разгледа Предлог-уредбата за Методологија за утврдување на критериуми за распределба на блок дотации за основното образование по општини за 2026 година и условно ја донесе Уредбата, со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 102**

Владата го разгледа Предлог - решението за изменување на Решението за именување на членови во Главниот штаб за заштита и спасување и условно го донесе Решението за именување на членови во Главниот штаб за заштита и спасување, со заклучок текстот на истото да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 103**

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за правата на заедниците кои се помалку од 20% од населението во Република Северна Македонија, го утврди и заклучи да се достави до Собранието, согласно член 144 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Иван Стоилковиќ, министер за односи меѓу заедниците и Неждет Мустафа, заменик на министерот за односи меѓу заедниците, а за повереник, Владимир Стојановиќ, државен секретар во Министерството за односи меѓу заедниците.

**Точка 104**

Владата ја разгледа Предлог - одлуката за отворање на Генерален конзулат на Република Северна Македонија во Република Албанија со седиште во Корча и ја донесе Одлуката, со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

Исто така, согласно укажувањето од Министерството за финансии, предлагачот потребните средства да ги обезбеди преку прераспределба во рамките на сопствениот буџет.

**Точка 105**

Владата ја разгледа Информацијата за прашањето за запишување на сопственичкиот статус на градежното земјиште на кое се наоѓа зградата на Амбасадата на Република Грција во Скопје и ја усвои со следните заклучоци:

1. Даде претходна согласност за започнување на постапката за запишување на сопственичкиот статус на градежното земјиште на кое се наоѓа зградата на Амбасадата на Република Грција во Скопје на ул. Борка Талески бр. 6, кое припаѓа на Општина Центар 1 - Скопје, КП бр. 10124 од Имотен лист бр. 385, со вкупна површина од 1604 м2, од кои 529 м2 земјиште под објект заведен во сопственост на Република Грција за потребите на Амбасадата во Имотен лист бр. 120806, како и 1075 м2 дворна површина.
2.Се задолжува Министерството за транспорт, врз основа на барање на Амбасадата на Република Грција во Скопје и во согласност со член 15, став 4, од Законот за градежно земјиште, како и водејќи сметка за принципот на реципроцитет воспоставен помеѓу Република Северна Македонија и Република Грција во однос на остварување на нивните права за стекнување сопственост врз недвижен имот за потреби на своите дипломатски мисии во двете држави, да ја отпочне постапката и во законски определената фаза од истата, согласно постојните законски прописи, да достави до Владата информација и/или Предлог-одлука за отуѓување на градежно земјиште на кое е лоциран објектот на Амбасадата на Република Грција во Скопје, со непосредна спогодба.

3.Се задолжува Министерството за финансии да го има предвид податокот дека нема воспоставен реципроцитет помеѓу Република Северна Македонија и Република Грција во однос на меѓусебно ослободување од данок при купување или продавање на имот за потреби на нивните дипломатски мисии во двете држави и дека Амбасадата на Република Грција не е ослободена од данокот на промет со недвижност при откупот на градежното земјиште, како и соодветно за истото да ги информира надлежните во Општина Центар и Град Скопје.

4.Се задолжува Министерството за надворешни работи и надворешна трговија да ја информира Владата за исходот на реализираните активности кои произлегуваат од овие заклучоци.

**Точка 106**

Владата ја донесе Одлуката за продолжување на привремената заштита во Република Северна Македонија на лица од Украина.

**Точка 107**

Владата ја издаде Лиценцата за приредување на игри на среќа во казино на Друштвото за угостителство и туризам „Фортуна Интернационал" ДООЕЛ Гевгелија, во деловната просторија на „Фортуна Интернационал" ДООЕЛ Гевгелија, која се наоѓа на ул. „Гевгелиски Партизански Одред" бр.1, Гевгелија.

**Точка 108**

Владата го разгледа Извештајот за извршувањето на Буџетот на Република Северна Македонија за периодот јануари – јуни 2025 година, како материјал за информирање.

**Точка 109**

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата, го утврди и заклучи согласно член 144 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Панче Тошковски, министер за внатрешни работи и д-р Астрит Исени, заменик на министерот за внатрешни работи, а за повереник Сашо Петрушевски, државен секретар во Министерството за внатрешни работи.

**Точка 110**

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за прекршоците, го утврди и заклучи согласно член 144 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија да го достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Игор Филков, министер за правда и Ален Деребан, заменик на министерот за правда, а за повереници м-р Дајанчо Ефтимов, државен секретар во Министерството за правда и Петар Мирковиќ, државен советник во Министерството за правда.

**Точка 111**

Владата ја одложи од разгледување Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на Јавното претпријатие Национална радиодифузија – Скопје, со Предлог – одлука, за некоја од наредните седници на Владата.

**Точка 112**

Владата ја донесе Уредбата за изменување и дополнување на Уредбата за спроведување на Царинскиот закон (усогласена со Секретаријатот за законодавство).

**Точка 113**

Владата ја разгледа Информацијата за постапување по Правилникот за дополнување на правилникот за формата и содржината на образецот на барањето за издавање на пробните таблици, формата и содржината на регистерските таблици и на пробните таблици на возилата, како и начинот и постапката за нивно издавање („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.19/25), и ги донесе следните заклучоци (усогласени со Секретаријатот за законодавство):

1.Ја усвои Информацијата за постапување по Правилникот за дополнување на правилникот за формата и содржината на образецот на барањето за издавање на пробните таблици, формата и содржината на регистерските таблици и на пробните таблици на возилата, како и начинот и постапката за нивно издавање („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.19/25).

2.Се задолжуваат сите органи на државна управа, им се укажува на институциите кои немаат статус на органи на државна управа и им препорачува на општините, општините во Градот Скопје и Градот Скопје и трговските друштва со доминантна или во целосна сопственост на државата, регистарските таблици за возилата кои ги располагаат или ги користат да ги променат најдоцна до 15 септември 2025 година, согласно одредбите од член 4-а од Правилникот за дополнување на правилникот за формата и содржината на образецот на барањето за издавање на пробните таблици, формата и содржината на регистерските таблици и на пробните таблици на возилата, како и начинот и постапката за нивно издавање („Службен весник“ на Република Северна Македонија бр.19/25).

**Точка 114**

Владата ја разгледа Информацијата за продажба на движен имот во сопственост на Република Северна Македонија, кој припаѓал на должникот Тутунски комбинат Боро Петрушевски - Папучар АД Куманово, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за продажба на движни ствари, со заклучок текстот на истата редакциски да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

*

*     *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 14.50 часот.